# СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Стареењето во Северна Македонија: Помеѓу загриженост и неизвесност

Јавното мислење во Северна Македонија е одраз на длабока загриженост во однос на стареењето, поттикната од економски притисок, миграција и ограничена доверба во политичките институции. Покрај оптимизмот околу потенцијалното влијание од членството во ЕУ, мнозина веруваат дека политичките партии и државата не ги земаат во предвид потребите на постарите лица. Како што се намалува бројот на членови во рамки на семејствата  и слабеат системите за поддршка, расте загриженоста - посебно за здравјето, финансиите, и способноста на државата да се справува со долгорочни предизвици. Јавните реакции исто така откриваат амбивалентност кон можните решенија, со поделени мислења во однос на имиграцијата и ефикасноста на колективното делување, како што беа протестите на пензионерите во 2023 година, што укажува на поширока неизвесност за иднината.

75% се загрижени за стареењето на популацијата, главно поради економски притисок (56%).

Протестите на пензионерите во 2023: 39% ги сметаат за успешни, 38% ги сметаат за неуспешни.

## Основни проблеми

### Фактори на загриженост за стареењето (во %)




70% сметаат дека политичките партии воопшто или во мали размери се грижат за потребите на постарите лица.

58% веруваат дека членството во ЕУ ќе ја подобри ситуацијата на постарите лица.

### Државна грижа за постарите лица: Како е оценета (во %)




### Одговорност за грижата на постари лица: (прворангирани, во %)





Transforming Anxieties of Ageing in Southeastern Europe

VolkswagenStiftung

Дознај повеќе: https://transforming-anxieties.ios-regensburg.de/